***З А П И С Н И К***
***од 19-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 30.01.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски, отсутна беше советничката Марина Димитријовска од оправдани причини.

Од општинската администрација присутни беа Раководителот Игор Дамјановски, директорот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар Гоце Мицковски и вд директорот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Александар Чорбевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 17-та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од 17-тата седница беше усвоен со 8 „за" без забелешки.
-Усвојување на записник од 18-та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од 18-тата седница беше усвоен со 8 „за" без забелешки
-Усвојување на записник од Итна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 17.01.2023 година
Записникот од Итната седница беше усвоен со 8 „за" без забелешки

На седницата се раправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.
2. Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2022 година.
3. Усвојување на Завршна сметка на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2022 година.
4. Усвојуавње на Програма на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година.
5. Донесување на Решение за давање согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
6. Усвојување на извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година.
7. Донесување на Одлука за изградба на потпорен ѕид кај подрачното основно училиште во с.Журче.
8. Донесување на Одлука за изработка на проект на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза.
9. Донесување на Одлука за одобрување на потребниот градежен материјал по барање на Црковен одбор од с.Боиште.
10. Донесување на Одлука за одобрување на средства по барање на ОО на СБМ Демир Хисар.
11. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на дневниот ред со четири точки и тоа Одлука за изградба на потпорен ѕид кај подрачното основно училиште во с.Журче по барање на МЗ Журче, Одлука за одобрување на потребниот градежен материјал по барање на Црковен одбор од с.Боиште по барање на Црковен одбор о с. Боиште, Одлука за изработка на проект на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза и Одлука за одобрување на средства по барање на ОО на СБМ Демир Хисар од страна на ООна СБМ има поднесено Програма и барање за финансирање на програмата. Забелешки немаше. За усвојување на Днвниот ред со дополнувањето гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 1. Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности***

За Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. Законска обрвска е да се донеси одлука и редовно да се врши ажурирање. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Завршна сметка на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2022 година***

Завршната сметка на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2022 година беше усвоена од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За завршната сметка објаснување имаше вд Директорот Александар Чорбевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара информација дали има проблеми во претпријатието, доколку има потреба Советот да даде подршка, може да се обратат, а потоа упати препорака јавното претпријатие добро функционира, но треба да бара работа да учествуваат на тендер за превоз, да се проширува јавното претпријатие и со кадар и со работа. Вд директорот Александар Чорбевски објасни ова е максимум што можи да се работи толку е капацитетот, исто сега и имаат и нов тендер ги возат учениците кои посетуваат настава во Битола. За дополнителна работа можи да се размисула, но тоа ќе бара набавка на возила. Засега имаат доставено барања да се добие донација на возила, тоа останува за во иднина. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде има шанси да се добие возило со 8-9 седишта кое ќе можи да се користи за превоз на ученици од помалите населени места. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на завршната сметка гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 4. Програма на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година***

Програмата на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. При тоа објасни на седницата на комисијата имаше забелешка дека во програмата не е внесено Смилево за собирање на смет кај манастирот Св. Петар треба да се собира сметот на повик. Советникот Јордан Кромидаровски додаде тоа да се внеси во записник, бидејќи е пропуст и да се корегира. За Програмата објаснување имаше директорот Гоце Мицковски, за забелешката рече дека ќе се провери како е регулирано во одлуката. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на програмата гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 5. Решение за давање согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар***

Статутарно правната комисија го донесе решението за давање согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска со забелешка членот 20 целосно да се усогласи со законот. Бидејќи во мометов немаат важечки Статут и да не се отежнува работата во јавното претпријатие Статутарно правната комисија одлучи да даде согласност на Статутот вака како што е предложен, но со забелешка да се усогласи членот за директор со законот. Дискусија немаше. За давање согласност на Статутот со наведената забелешка гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 6. Извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година***

По Извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година немаше забелешки. Со 10 „за" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 7. Одлука за изградба на потпорен ѕид кај подрачното основно училиште во с.Журче***

Во врска со предложената Одлука за изградба на потпорен ѕид кај подрачното основно училиште во с.Журче Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни ѕитот кај училиштето е изграден уште во 1933 година, изграден е со камен и е во многу лоша состојба. За негова санација потребни се 600.000 денари, но за таква интервенција треба проект и да се распиши тендер тоа ќе го направи општината. Со ова барање месната бара градежен материја во вредност до 60.000 денари, да го санира делот

кој е покрај патот и претставува потенцијална опасност да направи проблем на патот. Советникот Валентин Несторовски предложи тоа е општински објект треба да се дај на општината таа да ангажира луѓе, а советникот Јордан Кромидаровски праша зошто да се прави после проект, а прво да се врши санација на дел од ѕидот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни ѕидот е долг повеќе од 100 метри, месната заедница не ги зема парите, овие средства одат во стовариштето, а од таму ќе се земе градежен материјал. Советникот Сашо Михајловски додаде, а потоа стовариштето ќе и фактурира на општината. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за изработка на проект на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза***

Во врска со Одлуката за изработка на проект на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи општината да утврди потреба од изработка на проектна документација. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 9. Одлука за одобрување на потребниот градежен материјал по барање на Црковен одбор од с.Боиште***

За Одлуката за одобрување на потребниот градежен материјал по барање на Црковен одбор од с.Боиште Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни до Советот има поднесено барање на одобрување на средства за набавка на потребниот градежен материјал за дозавршување на кујната кај манастирот „Св. Атанасиј“ с.Боишта. Потоа предложи да му се одобрат 20.000 денари. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 10. Одлука за одобрување на средства по барање на ОО на СБМ Демир Хисар***

За Одлуката за одобрување на средства по барање на ОО на СБМ Демир Хисар Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни до Советот има поднесено Програма за активности на ОО на СБМ за 2022 година и барање за одобрување на средства за реализација на програмата. Немаме присутен претставник да ни објасни дали имаат и други извори на финансирање. Затоа предложи да се одобрат 25.000 денари за реализација на програмата. Советникот Сашо Михајловски додаде Сојузот на борците се доста активно здружение, затоа смета дека треба да му се одобрат повеќе средства затоа предложи 30.000,оо денари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го повлече својот предлог. Предлогот на советникот Сашо Михајловски да се одобрат 30.000 беше ставен на гласање. Со 10 „за“ беше усвоен предлогот.

***ТОЧКА 11. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи

-Да се посвети повеќе внимание за развој на туризмот во општина Демир Хисар и привлекување на туристи за таа цел предложи да се донесе Заклучок со кој ќе се задолжи

Одделението за Локален економски развој да направи промоција на општината Демир Хисар да ги понуди локалитетите од интерес за посета на туристи и да се понудат на туроператорите, исто така да се вклучи и ЈП ДЕХИ ТРАНС за превоз на туристите. Едногласно беше донесен заклучокот.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски исто така ги запозна советниците дека планира седница на Совет на која ќе бидат поканети сите претседатели на месните заедници и ќе можат да видата како работи Советот и да се запознае Советот со проблемите со кои се соочуваат. Оваа седница се планира за месец Март во Домот на културата.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна за седницата беше најавено присуство на Мирјана Јанчевска, но поради нејзини обврски не присуствува, но затоа достави информација и насока како со проблемот со кучињата скитници се постапува општина Битола, бидејќи тоа се покажало како ефикасно општина Демир Хисар да почни да го применува тоа.

Повеќе немаше предлози и прашања.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 224/2<br>
27.02.2023 година<br>
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>
Претседател,<br>
Љупчо Најдовски с.р.